Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ревизорско тело за ревизија на ИПА
Trupi i revizionit për revizion të IPA-s
Audit Authority for audit of IPA

AAIPA
Audit Authority for Audit of Instrument for Pre-Accession Assistance of North Macedonia

Бр./Nr. 04-1341/2
Скопје/Shkup 30.12. 2025

Врз основа на член 22, 23, 24, 25 и 26 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ", бр. 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со член 22 став (1), алинеја 2 и став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/2016, 35/18 и 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија," бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и Правилникот за систематизацијата на работните места во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош бр. 01 – 553/1 од 15.05.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош бр. 01-553/2 од 03.10.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош бр. 01-457/1 од 16.04.2025 година, Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС број 1/2026

## за вработување на 2 (две) лица на определено време до 31.12.2026 година во Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош објавува оглас за вработување на 2 (две) лица преку засновање на работен однос на определено време за следните работни места:

1. Помлад ревизор во Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за реформа и развој на институциите и програми финансирани од ИПА III од областа на Правосудство, Борба против корупција, Борба против организиран криминал, Миграција и управување со граници, Фундаментални права, Демократија, Граѓанско општество, Добро владеење, Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство, Добрососедски односи и помирување и Стратешка комуникација мониторинг, евалуација и комуникациски активности - (Сектор за ревизија 1) **– 1 (еден) извршител** и

2. Помлад ревизор во Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА II за вработување, социјални политики, образование, еднаквост и развој на човечки ресурси и програми финансирани од ИПА III од областа на образование, вработување, социјална

заштита, инклузивни политики, здравство, развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации - (Сектор за ревизија 3) – **1 (еден) извршител.**

I. <u>Општи услови</u> кои треба да ги исполни кандидатот за работните места под реден број 1 и 2:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

II. <u>Посебни услови</u> кои треба да ги исполни кандидатот за работните места под реден број 1 и 2:
- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Високо образование од областа на економските, правните науки, информатичката технологија или друго соодветно образование (организациони науки и управување (менаџмент), јавна управа и администрација);
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- со или без работно искуство во струката.

III. <u>Други посебни услови</u> работните места под реден број 1 и 2:
- со или без уверение за стекнато звање од областа на ревизијата и
- поседување на возачка дозвола „Б" категорија.

IV. <u>Потребни општи работни компетенции</u> работните места под реден број 1 и 2:

- Решавање на проблеми и одлучување за работи од свој делокруг
- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување резултати
- Работење со други/тимска работа
- Стратешка свест
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- Финансиско управување

V. **Паричен износ на основна нето плата** од 43.752 денари за работните места под реден број 1 и 2.

VI. **Распоред на работно време** работните места под реден број 1 и 2:
Работни денови понеделник – петок
Работни часови неделно 40
Работно време со почеток помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот

**Рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас е 3 работни дена** од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат (сметајќи го и денот на самото објавување).

Заинтересираните кандидати треба да доставaт Пријава со потребна документација и тоа:

- Уверение за државјанство (оригинал или препис заверен на нотар);
- Доказ за општа здравствена способност/лекарско уверение издадено од лекар специјалист на трудова медицина, не постаро од 1 (една) година, (во оригинал);
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци) во оригинал;
- Диплома за завршен степен на образование (оригинал или препис заверен на нотар);
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или препис заверен на нотар);
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик) (оригинал или препис заверен на нотар);
- Возачка дозвола (копија);
- Уверение за стекнато звање од областа на ревизијата (доколку има), препис заверен на нотар;
- Доказ за работно искуство (доколку има) (потврда од АВРМ и од ПИОМ) во оригинал и
- Кратка биографија (со задолжителен контакт телефон, важечка емаил адреса и адреса на живеење).

Пријавата за огласот може да се преземе од ВЕБ страната на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош www.aaipa.gov.mk

Кандидатите се должни Пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Пријавата заедно со кратка биографија и со бараната документација се доставува во архивата на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош секој работен ден од 09 до 14 часот или со препорачана пратка по пошта на адреса Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, улица „11 Октомври број 36“, - 1 000 Скопје, контакт телефон 02/3215 621.

Некомплетните документи и документите доставени по истекот на рокот нема да се земат во постапка на разгледување.

По селекцијата на пријавите, само кандидатите кои имаат уредна документација, по електронски пат (e-mail адреса или преку СМС порака на мобилен телефон) ќе бидат повикани за денот и времето на одржување на интервјуто во просториите на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

Избор на кандидати ќе се изврши во роковите предвидени согласно член 23 став (2) од Законот за работните односи.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2026 година.

Главен ревизор за ИПА
м-р Milaim Abduraimi, CIA, CIAPS

ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО ЈАВЕН ОГЛС БРОЈ 1/2026
ОБЈАВЕН ОД РЕВИЗОРСКОТО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ
ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Податоци за работното место за кое се пријавува кандидатот** | | | |
| | Реден број на работното/ите место/а во огласот за кое/и се пријавувате | | | |
| 2 | **Лични податоци за кандидатот (податоци од лична карта)** | | | |
| | Име | | | |
| | Презиме | | | |
| | Датум и место на раѓање | | | |
| | Пол | М | Ж | *заокружете |
| | ЕМБГ | | | |
| | Адреса на живеење (улица и број, место) | | | |
| | Контакт телефон | | | |
| | Електронска адреса (e-mail) | | | |
| 3 | **Доставени документи и докази за исполнување на општите и посебните услови** | | | |
| | Пријава | да | не | |
| | Кратка биографија (со задолжителен контакт телефон, важечка емаил адреса и адреса на живеење) | да | не | |
| | Уверение за државјанство (оригинал или препис заверен на нотар) | да | не | |
| | Доказ за општа здравствена способност/лекарско уверение издадено од лекар специјалист на трудова медицина, не постаро од 1 (една) година, (во оригинал) | да | не | |
| | Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци) во оригинал | да | не | |
| | Диплома за завршен степен на образование (оригинал или препис заверен на нотар) | да | не | |
| | Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или препис заверен на нотар) | да | не | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик) (оригинал или препис заверен на нотар) | да | не |
| | Возачка дозвола (копија) | да | не |
| | Уверение за стекнато звање од областа на ревизијата (доколку има), препис заверен на нотар | да | не |
| | Доказ за работно искуство (доколку има) (потврда од АВРМ и од ПИОМ) во оригинал | да | не |

## 4 Изјава

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар.

Се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail адреса или преку СМС порака на доставениот број на мобилен телефон.

Се согласувам личните податоци наведени во пријавата да се користат исклучиво за цели на постапката за вработување во Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

<u>Напомена:</u> Кандидатот кој дал лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

| Датум и место на пријавување | Потпис на кандидатот |
|---|---|
| ----------------------------------------- | ------------------------------- |